Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

ДХЛ EXPRESS
Друштво за транспорт и услуги
ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ-Скопје
Бр. 03-65/3
16.05.2025 год.

Архивски број: 03-5589/1
Датум: 16-05-2025

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги – поштенски услуги
## (дел 2 – експресна испорака на пошта)

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за транспорт и услуги ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „32" бр.5, населба Илинден 1041 Скопје, застапувано од Радослав Нановиќ, управител, натамошниот текст: носител на набавката.

### I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
Член 1

Предмет на овој договор е експресна испорака на пошта во странство во сé според прифатената понуда од страна на договорниот орган и техничките спецификации објавени по спроведената поедноставена отворена постапка, по оглас број 03961/2025.

Составен дел на овој договор се техничките спецификации (Прилог 1) и понудата на избраниот понудувач со единечни цени (Прилог 2).

### II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
Член 2

Вкупната максимална вредност на овој договор изнесува 500.000,00 денари.

На износот од став 1 не се пресметува данок на додадена вредност.

Единечните цени за предметот на набавката од член 1 од овој договор се фиксни и непроменливи за цело времетраење на овој договорот.

### III. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Овој договор се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци сметано од 16.5.2025 година или до негово вредносно исполнување, во зависност што попрво ќе настане.

## IV. РОК И МЕСТО И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 4

Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го извршува сукцесивно, во период од 12 (дванаесет) месеци, согласно потребите на договорниот орган, а врз основа на претходно барање од договорниот орган во вид на писмена порачка, додека во исклучителни случаи, порачката може да се направи по телефон или мејл, за што подоцна ќе биде доставена писмена порачка.

Носителот на набавката ја презема поштата наменета за експресна испорака од просториите на Министерството за финансии.

Точната локација на која ќе биде испратена поштата за експресна испорака ќе биде определена во писмената порачка.

Носителот на набавката е должен пратките да ги достави во рок од максимум до 3 (три), односно до 5 (пет) работни дена во зависност од местото на испорака.

Рокот за достава на пратките го опфаќа времето од моментот на преземање на пратката од просториите на договорниот орган (секој работен ден од 08.30-16.30) часот до моментот на достава т.е. прием на пратката од примачот.

Носителот на набавката го докажува приемот на пратката од примачот со писмен доказ во кој се содржани датумот на достава на пратката, име и презиме на примачот и своерачен потпис на примачот.

Носителот на набавката го доставува доказот за прием на пратките во скенирана форма преку електронска пошта или факс, при што треба јасно да се гледа потписот на примачот.

Во случај, носителот на набавката да не може да го пронајде примачот на пратката, носителот на набавката е должен да го контактира договорниот орган за понатамошни инструкции.

Доказот дека пратката е испорачана задолжително се доставува до договорниот орган истиот ден, а најдоцна во рок од 48 (четириесет и осум) часа од извршената испорака.

## V. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Плаќањето за извршената услуга – предмет на договорот, договорниот орган ќе го врши по секоја извршена услуга, врз основа на доставена фактура, во рок до 30 (триесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев", бр.12, Скопје.

Во прилог на фактурата, носителот на набавката задолжително доставува доказ за извршената испорака, доставен согласно со член 4 од договорот.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката треба да поседува дозвола/овластување за вршење на предметот на договорот за целото времетраење на договорот.

Во случај носителот на набавката да поседува дозвола/овластување која истекува за времетраењето на договорот, потребно е да ја обнови и истата во копија со ознака „верно на оригиналот" да ја достави до договорниот орган.

Доколку носителот на набавката не ја обнови дозвола/овластувањето, односно остане без дозвола/овластување за време на времетраењето на договорот, договорниот орган ќе ја активира банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот предвидена во член 13 од овој договор.

Член 7

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата – предмет на овој договор, во сѐ според порачката од договорниот орган согласно рокот утврден во член 4, став 4 од овој договор. Во спротивно, договорниот орган ќе ја активира банкарската гаранција од член 13 на овој договор.

Член 8

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата и техничките спецификации кои се составен дел на договорот.

Член 9

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да достави список со лични податоци на лицата кои ќе бидат ангажирани во извршувањето на услугата.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Договорниот орган се обврзува дека ќе определи лица кои ќе ја следат реализацијата на овој договор.

Член 11

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето на носителот на набавката ќе го изврши во рокот од членот 5 од овој договор.

Член 12

Договорниот орган се обврзува да го извести носителот на набавката за лицата кои ќе бидат задолжени да ја следат реализацијата на овој договор.

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде во висина од 10% од вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде безусловна, неотповиклива и на прв повик наплатлива од страна на договорниот орган, треба да биде издадена од банка.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 15

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен и за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 16

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, и да ја активира банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 17

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 18

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 19

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 20

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 21

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 22

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Член 23

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| ДОГОВОРЕН ОРГАН:<br>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:<br>Друштво за транспорт и услуги |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>СКОПЈЕ | ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ<br>СКОПЈЕ |
| МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | УПРАВИТЕЛ<br>Радослав Нановиќ |

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ПРИЛОГ 1

Министерството за финансии има потреба од набавка на услуга - експресна испорака на пошта во вид на писма и мали пакети и тоа

- Експресна испорака на пошта во странство

Тежина на пратките:

- пратки над 50 до 250 грама;
- пратки над 250 до 500 грама;
- пратки над 500 грама до 1 килограм;
- пратки над 1 до 3 килограми;
- пратки над 3 до 5 килограми;
- пратки над 5 до 10 килограми и
- секое дополнително +0,5кг за пратки над 10кг.

Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го извршува сукцесивно, во период од 12 (дванаесет) месеци, согласно потребите на договорниот орган, а врз основа на претходно барање од договорниот орган во вид на писмена нарачка, додека во исклучителни случаи, нарачката може да се направи по телефон или мејл, за што подоцна ќе биде доставена писмена нарачка.

Носителот на набавката е должен поштата да ја преземе од просториите на Министерството за финансии.

Рокот за достава на пратките го опфаќа времето од моментот на преземање на пратката од просториите на договорниот орган (секој работен ден од 08.30-16.30) часот до моментот на достава т.е. прием на пратката од примачот.

Носителот на набавката е должен пратките во странство да ги достави во рок од максимум до 3 (три), односно до 5 (пет) работни дена.

Носителот на набавката го докажува приемот на пратката од примачот со писмен доказ во кој се содржани датумот на достава на пратката, име и презиме на примачот и своерачен потпис на примачот.

Носителот на набавката го доставува доказот за прием на пратките во скенирана форма преку електронска пошта или факс, при што треба јасно да се гледа потписот на примачот. Доказот дека пратката е испорачана задолжително се доставува до договорниот орган истиот ден кога е испорачана, а најдоцна во рок од 48 (четириесет и осум) часа од извршената испорака.

Во случај, носителот на набавката да не може да го пронајде примачот на пратката, носителот на набавката е должен да го контактира договорниот орган за понатамошни инструкции.

Носителот на набавка е должен да ги внесе на самата пратка (товарен

лист, коверт и сл.) податоците за примателот (крајната дестинација) кои заедно со пратката ќе му бидат доставени од страна на договорниот орган.

НАПОМЕНА: **Единечните цени во понудата ќе се користат за евалуација, а при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи. Кај сукцесивните набавки каде има повеќе ставки, може да се случи вкупната цена на понудата како збир на сите ставки да е повисока од износот на обезбедени средства. За овие случаи договорниот орган наведува дека договорот ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.**

Прилог 2

ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА ДЕЛ 2

**DHL EXPRESS MACEDONIA DOOEL**

ul. 32 br. 5, Nas. Ilinden
1041 Skopje

Врз основа на огласот објавен од страна на Министерството за финансии, за доделување на договор за јавна набавка на услуги – експресна испорака на пошта, со спроведување на поедноставена отворена постапка преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ
I.2. Контакт информации:
-Адреса: ул. 32 бр.5. н. Илинден 1041 Скопје
-Телефон: 02/2581581
-Факс: 02/2532999
-Е-пошта: mkgeneral@dhl.com
-Лице за контакт: Сашко Неделков – комерцијален директор, Мартин Грозданов
I.3. Одговорно лице: Радослав Нановиќ - управител
I.4. Даночен број: МК4030993127958
I.5. Матичен број на понудувачот: 4586514

I.6. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со техничките спецификации.

**Дел II – ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

**II.1.** Согласни сме да ви ја обезбедиме услугата експресна испорака на пошта за период од 12 (дванаесет) месеци во се според барањата дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел од тендерската документација.

## <u>Дел III. Финансиска понуда</u>

### III.1 Експресна испорака на пошта во странство

| РБ | Место на испорака | Единечна цена за пратка над 50 до 250 грама | Единечна цена за пратка над 50 до 250 грама со приоритет | Единечна цена за пратка над 250 до 500 грама | Единечна цена за пратка над 250 до 500 грама со приоритет | Единечна цена за пратка над 500 грама до 1 килограм | Единечна цена за пратка над 500 грама до 1 килограм со приоритет | Единечна цена за пратка над 1 до 3 килограми | Единечна цена за пратка над 1 до 3 килограми со приоритет | Единечна цена за пратка над 3 до 5 килограми | Единечна цена за пратка над 3 до 5 килограми со приоритет | Единечна цена за пратка над 5 до 10 килограми | Единечна цена за пратка над 5 до 10 килограми со приоритет | Единечна цена за секое дополнително +0,5кг за пратки над 10кг.со приоритет | Единечна цена за секое дополнително +0,5кг за пратки над 10кг. | Вкупен збир | Време на испорака (максимум рок до 3, односно 5 работни дена во зависност од местото на испорака) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Германија | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 4,790.00 | 4,790.00 | 5,290.00 | 5,290.00 | 5,790.00 | 5,790.00 | 750.00 | 750.00 | 55,380.00 | 1-2 раб дена. |
| 2 | Франција | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 4,790.00 | 4,790.00 | 5,290.00 | 5,290.00 | 5,790.00 | 5,790.00 | 750.00 | 750.00 | 55,380.00 | 1-2 раб дена. |
| 3 | Шпанија | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 4,350.00 | 4,350.00 | 4,850.00 | 4,850.00 | 5,350.00 | 5,350.00 | 750.00 | 750.00 | 50,100.00 | 1-2 раб дена. |
| 4 | Русија | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 4,350.00 | 4,350.00 | 4,850.00 | 4,850.00 | 5,350.00 | 5,350.00 | 750.00 | 750.00 | 50,100.00 | 1-2 раб дена. |
| 5 | Белгија | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 5,670.00 | 5,670.00 | 6,170.00 | 6,170.00 | 6,670.00 | 6,670.00 | 750.00 | 750.00 | 65,940.00 | 1-2 раб дена. |
| 6 | Австрија | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 7 | Словенија | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 8 | Грција | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 9 | Холандија | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 10 | Шведска | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 11 | Романија | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 12 | В.Британија | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 3,690.00 | 4,790.00 | 4,790.00 | 5,290.00 | 5,290.00 | 5,790.00 | 5,790.00 | 750.00 | 750.00 | 55,380.00 | 1-2 раб дена. |
| 13 | Хрватска | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 14 | Србија | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 5,670.00 | 5,670.00 | 6,170.00 | 6,170.00 | 6,670.00 | 6,670.00 | 750.00 | 750.00 | 65,940.00 | 1-2 раб дена. |
| 15 | Босна и Херцеговина | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 16 | Бугарија | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Црна Гора | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 18 | Албанија | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 19 | Косово | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 20 | Унгарија | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 2,260.00 | 3,360.00 | 3,360.00 | 3,860.00 | 3,860.00 | 4,360.00 | 4,360.00 | 750.00 | 750.00 | 38,220.00 | 1-2 раб дена. |
| 21 | Турција | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 4,350.00 | 4,350.00 | 4,850.00 | 4,850.00 | 5,350.00 | 5,350.00 | 750.00 | 750.00 | 50,100.00 | 1-2 раб дена. |
| 22 | Сите останати земји во Европа | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 4,570.00 | 5,670.00 | 5,670.00 | 6,170.00 | 6,170.00 | 6,670.00 | 6,670.00 | 750.00 | 750.00 | 65,940.00 | 1-2 раб дена. |
| 23 | Азија | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 4,350.00 | 4,350.00 | 4,850.00 | 4,850.00 | 6,350.00 | 6,350.00 | 750.00 | 750.00 | 52,100.00 | 2-3 раб дена. |
| 24 | Северна Америка | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 4,350.00 | 4,350.00 | 4,850.00 | 4,850.00 | 6,350.00 | 6,350.00 | 750.00 | 750.00 | 52,100.00 | 2-4 раб дена |
| 25 | Јужна Америка | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 4,350.00 | 4,350.00 | 4,850.00 | 4,850.00 | 6,350.00 | 6,350.00 | 750.00 | 750.00 | 52,100.00 | 2-4 раб дена |
| 26 | Австралиј а | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 4,350.00 | 4,350.00 | 4,850.00 | 4,850.00 | 6,350.00 | 6,350.00 | 750.00 | 750.00 | 52,100.00 | 2-4 раб дена |
| 27 | Африка | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 3,250.00 | 4,350.00 | 4,350.00 | 4,850.00 | 4,850.00 | 6,350.00 | 6,350.00 | 750.00 | 750.00 | 52,100.00 | 2-4 раб дена |

III.2. Вкупната цена на нашата понуда (вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без данок на додадена вредност (ДДВ), изнесува: 1,271,620.00, еденмилиондвестеседумдесетиеднаилјадашестотинидваесет денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува: / денари.

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**НАПОМЕНА: Доколку понудувачот понудата ја поднесува како група понудувачи, со подизведувач, користи способност од друг субјект или има доверливи информации, понудувачот во прилог на понудата ги доставува и другите барани прилози.

Во прилог на нашата понуда ви ги доставуваме следниве документи барани во тендерската документација:

- Пополнет образец на понуда,
- Изјава за докажување способност
- Изјава за сериозност на понудата
- Други прилози ако има потреба,

Место и датум

Скопје, 20.03.2025

Одговорно лице

SASHKO NEDELKOV

Digitally signed by SASHKO NEDELKOV
Date: 2025.03.20 15:44:03 +01'00'

(потпис*)

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*